РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-2466/2
30-07-2026

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 37 - та седница, одржана на 29.07.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 09-2466/1 од 21.07.2026 година, против лицето ---------- градоначалник на општина --------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека веќе е постапувано по пријава со исти наводи, против истото лице и по утврдување на фактичка состојба на 33 – та седница одржана на 11.06.2026 година донесена е Одлука со бр. 09-983/3 од 16.07.2026 година, по што ДКСК нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај и истата е објавена на веб страната на ДКСК.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија на ден 21.07.2026 година, поднесена е пријава против лицето Блерим Ислами, градоначалник на општина ------------, проследена од страна на Основното јавно обвинителство --------.

Имено, до Основното јавно обвинителство ---------- доставена е на надлежно постапување анонимна кривична пријава против Градоначалникот на општина ----------- лицето --------- од с. ----------- за кривично дело - Несовесно работење во службата од член 33-в став 1 од Кривичниот законик, при донесувањето на Решение за именување на В.Д. директор во ООУ„ -------“ с. --------- – општина ----- и ООУ „------“ с. ------- – општина --------. Од страна на ОЈО Прилеп, по преземените потребни известувања и прибавената документација од општина --------- донесено е Решение за отфрлање на кривичната постапка Ко.бр.173/26 од 01.07.2026 година.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Од прибавената документација ОЈО ------- констатирал дека постојат дејствија за кои е предвидена прекршочна одговорност согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, односно дека пријавениот градоначалник не се изземал при донесување на решенијата за именувања на В.Д. директори на спомenатите училишта, поради што за истото е доставено Известување со ДКСК, заради надлежно постапување.

Од увидот во предметните наводи, ДКСК утврди дека веќе е постапувано по пријава со исти наводи, во однос на истите именувања, за што на 33 – та седница одржана на 11.06.2026 година донесена е Одлука со бр. 09-983/3 од 16.07.2026 година и истата е објавена на web страна на ДКСК.

По вака утврдена фактичка состојба, Државната комисија на седницата одржана на ден 29.07.2026 година заклучи дека нема елементи за преземање мерки за натамошно надлежно постапување по конкретниот предметот.

Од вака утврдената состојба ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

Претседател

Адем Чучуљ

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: м-р Б.К.– виш соработник
Контролирал: К.З-раководител на сектор
Одобрил: м-р К.З. -член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk